**20161763978**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 74 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕМЕР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Во Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 121/13, 169/13, 95/15, 128/15 и 157/16) во членот 23, дел А- Домување, во алинејата 6 -други објекти, шифрата „А5-2 гаражно место“ се брише.

Член 2

Во членот 24 став (1) по алинејата 5 се додава нова алинеја 6 означена како „ГМЗП- гаражно место во затворен простор“.

Член 3

Насловот пред членот 28 и членот 28 се менуваат и гласат:

„Начин на премерување на гаражни места со отворена површина во затворен гаражен простор

Член 28

(1) Гаражните места со отворена површина во рамките на затворениот гаражен простор се означуваат со посебни редни броеви согласно со правните акти, се премеруваат во рамките на обележаното гаражно место и секое од нив се прикажува со засебна отворена површина. При премерот на овие гаражни места со отворена површина се прибираат податоци за бројот на катастарската парцела, бројот на зградата во која се наоѓаат, намената на зградата, бројот на влезот, бројот на катот, намената на посебниот дел на зградата (ГМЗП- гаражно место во затворен простор) и нивната отворена површина.

(2) Гаражните места со отворена површина кои се наоѓаат надвор од затворениот гаражен простор не се предмет на премер.“

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-17324/3
16 септември 2016 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова,** с.р.